Врз основа на членовите 1, 5, 12, 16, 17 и 18 од Законот за државните награди и Законот за изменување и дополнување на Законот за државните награди („Службен весник на РМ“ бр. 52/06, 54/07, 74/12, 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/19), Одборот за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“, на седницата одржана на 3.11.2022 година, донесе

**О Д Л У К А**

за доделување на државната награда „Св. Климент Охридски“ за 2022 година за највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на воспитанието, образованието, културата, уметноста, здравството, заштитата и унапредувањето на човековата околина и во социјалната дејност од јавен интерес на Република Северна Македонија

1. Во областа на воспитанието и образованието, наградата му се доделува на:

– проф. д-р Африм Османи, универзитетски професор.

2. Во областа на културата и уметноста, наградата им се доделува на:

– акад. Влада Урошевиќ, писател
– Исмет Рамиќевиќ, ликовен уметник.

3. Во областа на здравството, наградата му се доделува на:

– проф. д-р Сашко Јовев, кардиохирург.

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и ќе биде објавена во „Службен весник на РСМ“.

**Претседател на Одборот за државната награда**
**„Св. Климент Охридски“,**
**акад. Газанфер Бајрам**


Министерство за културана
Република Северна Македонија

Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ “ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија

Rr.”Gjuro Gjakoviq” nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643
www.kultura.gov.mk